**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград, Република Србија над ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ, Република Србија**

**(предмет бр. 08-126 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 25.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Телеком Србија со регистрирано седиште на Таковска бр.2., Белград, Република ќе стекне поединечна контрола над ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ со регистрирано седиште на улица Цара Душана 47, 16230 Лебане, Република Србија.

- **Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

- Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија има поврзано друштво и тоа:
**Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е **Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје**. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво, Белград на територијата на Република Северна Македонија е **Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје** („ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје"), со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност- сателитски телекомуникации.

**-ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги.

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА БЕЗЖИЧНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ЛИНК 016 ДОО ЛЕБАНЕ нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

29.08.2025 година

Скопје